**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УПАТУВАЊЕ НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО НА ЛИЦА НА ДОЛЖНОСТИ ВО МЕЃУНАРОДНИ МИСИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ШТАБОВИ, КОМАНДИ И МУЛТИНАЦИОНАЛНИ ВОЕНИ СИЛИ

*-Скопје, август 2014 година-*

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 199 став 4 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12 и 29/14), министерот за одбрана, донесе

# *ПРАВИЛНИК ЗА УПАТУВАЊЕ НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО НА ЛИЦА НА ДОЛЖНОСТИ ВО МЕЃУНАРОДНИ МИСИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ШТАБОВИ, КОМАНДИ И МУЛТИНАЦИОНАЛНИ ВОЕНИ СИЛИ*

## *1. ОПШТИ ОДРЕДБИ*

### *Член 1*

Со овој правилник се пропишува постапката за упатување, продолжување на мандатот и предвремено враќање од работа во странство на државните службеници, другите вработени во Министерството за одбрана, на активниот воен и на цивилниот персонал на Армијата на Република Македонија на извршување работи и задачи односно должности во странство (во натамошниот текст: работа во странство).

### *Член 2*

Работа во странство се врши во рамките на меѓународните мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили согласно потребите на Министерството за одбрана и преземените обврски со ратификуваните меѓународни конвенции и договори и од членството во нив.

### *Член 3*

„Лице на работа во странство" е лице вработено во Министерството за одбрана (во натамошниот текст Министерството) државен службеник или друго лице, како и воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата) кое се упатува на работа во странство да извршува работи и задачи односно должности согласно Правилникот за систематизација на работните места во Министерството, во состав на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија на работи и задачи односно должности во мултилатерални и регионални мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили.

### *Член 4*

Времетраењето на мандатот на лицата упатени во дипломатско – конзуларни претставништва на Република Македонија е до 4 години, со можност во исклучителни случаи за продолжување за уште 1 година.

По деветтиот, дваесет и првиот и триесет и третиот месец од вршењето на службата се врши евалуација на извршените задачи и исполнувањето на планот за работа. Евалуацијата ја спроведува Секторот за меѓународна соработка во соработка со Кабинетот на министерот за одбрана, врз основа на квалитетот на извршените работни задачи, иницијативноста и врз основа на мислење на Амбасадорот на Република Македонија во соодветната земја односно мисија.

Доколку лицето на работа во странство не ги исполнува во целост зададените задачи и планот за работа, министерот за одбрана (во натамошниот текст: министерот) му го прекинува мандатот и лицето се повлекува од должноста.

Лице на работа во странство за извршување на мултилатерална и регионална должност се упатува на работа во времетраење согласно правилата на ротација во соодветната мултилатерална односно регионална мисија или ротација.

### *Член 5*

Министерот, поради потребата на службата, може по исклучок да упати лице на работа во странство, без објавување на интерен оглас, за време до две години.

Упатувањето на лицето од ставот 1 од овој член не може последователно да се повтори.

## *II.ПОСТАПКА НА УПАТУВАЊЕ*

### *Член 6*

Лице на работа во странство на извршување на должност во дипломатско – конзуларно претставништо се упатува по спроведена постапка по пат на интерен оглас, а на меѓународна должност и по постапка пропишана од страна на соодветната меѓународна организација, мисија, меѓународниот штаб или команда.

### *Член 7*

Огласот, по добиените елементи од Секторот за меѓународна соработка, го изработува Секторот за човечки ресурси.

Интерен оглас распишува министерот за одбрана или од него овластено лице.

Огласот се објавува шест месеци пред упатувањето на работа во странство. Заради потребите на службата , огласот може да се објави и по итна постапка, со која ќе биде запазено спроведувањето на постапката на упатување.

### *Член 8*

Огласот содржи: назив на работното место односно должноста и назив на претставништвото, мисијата или организацијата; звање или чин, време за

врши упатувањето на работа во странство, општите и посебните услови; документите потребни за пријавување и датумот за објавување.

Огласот се објавува на огласната табла во Министерството, со доставување до сите организациони единици на Министерството, командите и единиците на Армијата и на веб страната на Министерството.

***Член 9***

Кандидатите кои се пријавуваат на огласот треба да ги исполнат следниве услови:

- да имаат завршено соодветно образование, кое го бара работното место односно должност;

- активно да го владеат англискиот јазик, односно јазикот на работа и командување во структурата чиј составен дел е работното место, односно должноста и тоа:

а) за упатување на мандат во земја од англиско говорно подрачје и мултиралтерални / регионални мисии и меѓународни организации да поседува еден од следните сертификати : ALCPT (најмалку 80 поени); NATO STANAG 6001 (3 3 3 3 ); ЦАЕ (CAE); ИЕЛТС (IELTS); ТОЕФЕЛ (TOEFL); ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT); ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) или друг меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик издаден од европски или глобален јазичен тестатор, со ниво на познавање еквивалентно на Ц1 (C1) ниво на ЦЕФР (CEFR),

б) за упатување на мандат во земја од неанглиското говорно подрачје да поседува еден од следните сертификати: ALCPT (најмалку 65 поени); NATO STANAG 6001 (2 2 2 2); ЦАЕ (CAE); ИЕЛТС (IELTS); ТОЕФЕЛ (TOEFL); ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT); ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) или друг меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик издаден од европски или глобален јазичен тестатор, со ниво на познавање еквивалентно на Б1 (B1)ниво на ЦЕФР (CEFR),

- пред првото упатување на работа во странство да поминале на работа во Министерството/Армијата најмалку 2 години.

- да поседуваат безбедносен сертификат, и тоа национален најмалку строго доверливо и NATO / EU Secret.

- државните службеници и цивилните лица да бидат службено оценети со најмалку оценка се истакнува последната година, а воените лица оценети најмалку со службена оценка се истакнува по четирите критериуми и позитивна оценка од физичките проверки во последната година (доколку подлежат на истите),

- општата здравствена и психофизичка способност, да ја потврдат со лекарско уверение не постаро од една година, односно со важечки документ за извршен системски преглед од тековната или претходната година, издадено од Воено медицинаскиот центар,

- на денот на објавување на огласот за упатување да поминале најмалку 24 месеци од денот на завршување на претходниот мандат при повторно упатување,

- други услови кои се поставуваат во огласот.

За предност на кандидатите ќе се смета доколку:
- завршиле обука за воена дипломатија,
- го познаваат јазикот на земјата домаќин во која се упатуваат на работа,
- имаат работно искуство на работи и задачи односно должности од областа во која се упатуваат на работата во странство.

### *Член 10*

Рокот за пријавување на огласот е десет работни дена од денот на објавувањето на огласот.

Пријавите по огласот се доставуваат лично до деловодството на Министерството или по пошта како препорачана пратка.

Пријавите по огласот се проследуваат во Секторот за човечки ресурси, заради спроведување на постапката за селекција и избор.

### *Член 11*

Постапката по огласот ја спроведува Комисија формирана со решение од министерот за одбрана..

Комисијата е составена од најмалку седум члена од кои претседател и 6 члена.

Претседателот и членовите на Комисијата имаат свои заменици.

Комисијата за својата работа составува и до министерот доставува записник потпишан од страна на полниот состав на Комисијата.

### *Член 12*

Комисијата од член 11 на овој Правилник е должна работата да ја започне петтиот работен ден од денот на истекот на рокот на огласот.

Комисијата ги разгледува пријавите и доставените документи од кандидатите, а по потреба користи и информации од персоналните досиеја на кандидатите.

По извршената административна селекција, од уредно пријавените кандидати, Комисијата изготвува листа на кандидати кои ги исполнуваат условите поставени со огласот, со кои спроведува интервју во рок од десет работни дена од завршување на огласот. Со интервјуто се добиваат дополнителни информации за знаењата, вештините и способностите потребни за извршување на работите и задачите, односно должностите на кои се упатуваат на работа во странство.

Комисијата може да одлучи по одредени елементи да спроведе дополнителни проверки.

Членовите на комисијата вршат анонимно оценување на кандидатите кои ги исполнуваат условите поставени во огласот.

Комисијата е должна својата работа да ја заврши во рок од петнаесет работни дена од денот на истекот на огласот.

Оценките од став 4 од овој член, Комисијата ги доставува до државниот секретар и две лица определени од министерот.

Државниот секретар и лицата определени од министерот, врз основа на оценките на Комисијата, прават сублимат од оценките и рангирање на кандидатите. Ранг листата, државниот секретар ја доставува до министерот за одбрана за донесување на конечна одлука.

### *Член 13*

Ако член на Комисијата се пријави на огласот за определено работно место/должност за работа во странство, истиот има обврска да побара од Комисијата да биде изземен од постапката за упатување, за местото/должноста за која се пријавил.

Комисијата е должна да донесе одлука за негово изземање и без негово барање, кога ќе констатира дека истиот се пријавил за определено место/должност по огласот за работа во странство.

### *Член 14*

Министерот во рок од десет работни дена од денот на добивањето на ранг листата донесува Решение за избор на лице за упатување на работа во странство.

Решението од став 1 на овој член се објавува на огласната табла, на веб страната на Министерството и се доставува до пријавените кандидати и до организационите единици кои имаат обврски во процесот на подготовки и упатување на лицето на работа во странство.

### *Член 15*

Пријавените кандидати на конкурсот имаат право на жалба до министерот во рок од пет работни дена од денот на објавување на одлуката за избор.

Доколку ниедна жалба не се усвои, односно не се утврди повреда во постапката, одлуката на министерот станува правосилна.

Доколку се утврди повреда во постапката, министерот ја поништува одлуката за избор и донесува нова одлука за избор на кандидат од редот на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите, во рок од пет дена од денот на поништувањето на одлуката.

### *Член 16*

Министерот донесува решение за поништување на огласот ако:

- на огласот не се пријави ниту еден кандидат

- ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува во огласот поставените услови, и ако по спроведеното интервју и дополнителните проверки ниту еден кандидат не покаже задоволително ниво на знаења, вештини и способности потребни за извршување на работите и задачите односно должностите на кои се упатува на работа во странство и

- се утврди повреда на постапката за избор и упатување на лица на работа во странство.

### *Член 17*

Лицето кое се упатува на работа во странство се подготвува за извршување на работите и задачите и должностите на кои се упатува, согласно план за подготовка кој се изготвува во Секторот за меѓународна соработка.

Планот, покрај подготовката на лицето кое се упатува на работа во странство во организационите единици во Министерството и Армијата, вклучува и подготовки/обука во други надлежни органи (Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Дирекција за безбедност на класифицирани информации, Агенција за разузнавање и др.).

### *Член 18*

Секторот за меѓународна соработка, согласно утврдените процедури и во соработка со Министерството за надворешни работи, веднаш по извршениот избор, за лицата за кои е потребно, покренува постапка за добивање на согласност/нотификација од земјата домаќин, односно од меѓународната организација во која се упатува лицето на работа во странство.

Министерот донесува Решение за упатување на лицата на работа во странство во кое точно се наведува денот на стапување на должноста и времетраењето на мандатот.

## *III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЛИЦЕТО КОЕ СЕ УПАТУВА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО*

### *Член 19*

Лицето кое се упатува на работа во странство е должно пред заминувањето да се раздолжи со предметите и опремата со кои е задолжено во Министерството или Армијата во вршењето на претходните работи и задачи, односно должност, а кои повеќе не му се неопходни и да изврши примопредавање на должноста.

### *Член 20*

Лицето кое се упатува на работа во странство како и членовите на неговото семејството, се должни пред заминувањето на работа во странство да ги извршат потребните здравствени прегледи и подготовки (прегледи, вакцинации и др) во Воено медицинскиот центар.

Трошоците за здравствените прегледи и подготовки се на товар на Министерството.

### *Член 21*

Лицето кое се упатува на работа во странство, пред заминувањето може да користи годишен одмор согласно Закон.

### *Член 22*

Лицето на работа во странство, за време на извршување на работите и задачите односно должностите на кои се упатува на работа во странство е

должно, покрај законите на Република Македонија, да ги почитува законите и правилата на однесување на земјата домаќин, односно организацијата во чиј состав ја врши работата, односно должноста, согласно меѓународен договор.

### *Член 23*

Лицето на работа во странство работи согласно плановите за работа на Министерството, плановите за работа на дипломатските и други претставништва во чиј состав ја извршуваат работата, согласно насоките/ инструкциите кои ги добиваат од Министерството, односно според плановите за работа и насоките на меѓународната организација/мисија, штаб/команда, во чиј состав ја вршат работата.

### *Член 24*

Лицето на работа во странство доставува редовни информации и извештаи за својата работа, а на крајот на годината изготвува и до Министерството доставува годишен извештај за својата работа.

Извештајот од став 1 на овој член, Секторот за меѓународна соработка го дистрибуира до надлежните во Министерството и Армијата.

### *Член 25*

Оценувањето на лицето упатено на работа во странство се врши согласно закон.

## *V. ПОСТАПКА ЗА ВРАЌАЊЕ ОД РАБОТА ВО СТРАНСТВО*

### *Член 26*

Министерот за одбрана донесува Решение за враќање од работа во странство 3 месеци пред неговото враќање.

### *Член 27*

Лицето упатено на работа во странство, може да биде вратено и доколку:

- достави барање за враќање од работа во странство од лични причини,
- се утврдат незадоволителни резултати во извршувањето на работите и задачите односно должностите во странство, низ процесот на редовно оценување или од непосредните претпоставени,
- тоа од Министерството или од соодветно претставништво на Република Македонија во друга држава, меѓународна мисија и организација, го побара надлежен орган на државата или авторитет на мисијата, меѓународната организација, штаб или команда на мултинационални сили во чиј состав е на работа во странство,
- се укине работното место или должноста на кое е упатено лицето на работа во странство,
- од други причини министерот за одбрана донесе такво решение.

*Член 28*

Лицето на работа во странство пред враќањето е должно да изврши примопредавање на должноста, раздолжување со документите, средствата и опремата.

*Член 29*

По враќањето од работата во странство, лицето е должно во рок од 30 дена до Секторот за меѓународна соработка, да поднесе целосен извештај за својата работа.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Член 30*

За останатите права и обврски на лицето кое се упатува на работа во странство ќе се применуваат прописите и актите кое се однесуваат на државните службеници и другите лица на работа во Министерството и на активниот воен персонал и цивилните лица на служба во Армијата.

*Член 31*

Со влегување на сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за работа во странство бр. 01-1085/1 од 10.02.2012 година.

*Член 32*

Овој правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

*Бр. 01- 4001/1*
*06.08 2014 година*
*Скопје*

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Зоран Јолевски**

СПР

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 199 став 4 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12 и 29/14), министерот за одбрана, донесе

***П Р А В И Л Н И К***

***за дополнување на Правилникот за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили***

***Член 1***

Во Правилникот за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили, бр.01-4001/1 од 06.08.2014 година во членот 19 по ставот 1, се додава нов став 2, кој гласи:

„За лицата кои се вработени на Воената академија, а се избрани во научно – наставни звања или соработничко звање согласно Законот за Високото образование се применуваат одредбите од член 133 став 14 од Законот за високото образование.“

***Член 2***

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

***Бр.*** 01-1187/1

______***2015 година***

16-02-2015

***МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА***

***Зоран Јолевски***

СПР

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија", бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 година), а во врска со член 11 од Правилникот за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили бр.01-4001/1 од 06.08.2014 година, министерот за одбрана, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за формирање на Комисија за спроведување на постапка по интерен оглас за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили

1. Се формира комисија за спроведување на постапка по интерен оглас за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили, во состав:

- полковник **Петре Велковски**, Сектор за поддршка на министерот, престседател,
- **Беким Максути**, Сектор за меѓународна соработка, заменик на претседател,
- **Оливера Трајкова**, Сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана, член,
- **Милан Андоновски**, Сектор за правни работи, член
- **Соња Бајдеска**, Сектор за меѓународна соработка, член,
- **Сашко Јовановски** , Сектор за политика и планирање, член,
- **Агим Ајредини**, Сектор –Служба за воена безбедност и разузнавање, член,
- **Радица Гарева**, државен советник, член,
- **Петар Богојески**, државен советник, заменик член,
- **Душко Аврамовски**, Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, заменик член,
- **Крсте Малинковски**, Сектор за меѓународна соработка, заменик член,
- **Санде Смилјанов**, Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, заменик член,
- **Руска Спасеска**, Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, заменик член и
- **Јетон Жута**, Сектор за меѓународна соработка, заменик член.

2. Комисијата од точка 1 на ова решение е должна работата да ја започне десеттиот работен ден од денот на истекот на рокот на огласот, а да ја заврши во рок од дваесет работни дена од денот на истекот на огласот.

3. Комисијата од точка 1 на ова решение има задача:

- да ги разгледа пријавите и доставените документи од кандидатите,
- по потреба користи и информации од персоналните досиеја на кандидатите,

- врши административна селекција од уредно пријавените кандидати, врз основ на која изготвува листа на кандидати кои ги исполнуват условите поставени во огласот,

- врши интервју со лицата од листата на кандидати кои ги исполнуваат условите поставени во огласот, по што членовите на Комисијата вршат анонимно оценување на кандидатите кои ги исполнуваат условите поставени во огласот.

- оценките Комисијата ги доставува до државниот секретар и две лица определени од министерот.

4. Комисијата за својата работа составува и до министерот доставува записник потпишан од страна на полниот состав на Комисијата.

5. Конечната одлука за избор на кандидат ја носи министерот за одбрана.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 03-4557/1
19-09-2014 2014 година
Скопје

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Зоран Јолевски**

Доставено до:
-Сектор за поддршка на министерот
-Сектор за правни работи
- Генералштаб на Армијата
-Архива

Изработил: Ирена Станковска
Контролирал: Митар Петковски
Одобрил: Милан Андоновски